ПРОЕКТ

# „Продор во реалноста: исчезнување на јавниот простор“

Во галеријата Прес ту егзит вечерва во 18:00 часот ќе биде отворена изложба под наслов "Продор во реалноста: исчезнување на јавниот простор", кураторски проект на Горан Петровиќ, што се реализира во рамките на програмата Предавања, презентации и изложби. Изложбата ќе биде отворена до 28 април до кога секојдневно ќе се одржуваат по две проекции во периодот од 12:00 до 15:50 часот и 18:00 до 21:50 часот. Автор на проектот и куратор на изложбата е ликовниот уметник Горан Петровиќ кој живее и работи во Србија и Белгија, а во проектот со свои дела учествуваат уметниците Мирна Арсовска, Манон де Бур, Јане Чаловски, Искра Димитрова, Христина Иваноска, Синиша Илиќ, Дејан Калуѓеровиќ, Тања Остојиќ и Давид Риц, Катарина Поповиќ, Калед Рамадан и УРТИКА: Виолета Војводиќ, Едуард Балаз и Даниел Стевановиќ.

Уметничките дела во проектот "Продор во реалноста: исчезнување на јавниот простор", ( најголем дел од нив се создадени за оваа прилика), се тесно порзани со општествената, културната и политичката ситуација на балканскиот регион и се однесуваат на следниве теми: медиумите како јавни сервиси, ширење на културните модели, општествената улога на уметноста, идентитетот, позицијата на имигрантите, жените и маргинализираните групи на граѓани, правилата на пазарната политика во ЕУ, и други теми. (К.Б.)

Утрински - 23. IV 2007